Приватна научна установа БАС
Институт за менаџмент
БР. 02-17/7
22.08. 2017 ГОД
Битола

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак: 0201
Рок на чување: трајно
22.08 2017 година
Потпис,

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) СТРАТЕШКИ МЕНАЏМЕНТ НА БАС ИНСТИТУТОТ ЗА МЕНАЏМЕНТ БИТОЛА

Врз основа на конкурсот на БАС Институтот за менаџмент Битола, објавен во весниците Нова Накедонија и Лајм од 14.06.2017 година, за избор на наставник во сите научни и наставно-научни звања за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент), за наставно-научната област (дисциплина) 50605 Стратешки менаџмент и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-20/4, донесена на 03.07.2017 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Роберт Димитровски, редовен професор на МИТ Универзитет, д-р Менде Солунчевски, вонреден професор на Меѓународниот Славјански Универзитет „Г.Р. Државин" Св. Николе и д-р Методија Стојановски, редовен професор на Педагошки Факултет Битола.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од полето Организациони науки и управување (менаџмент) за наставно-научната област (дисциплина) Стратешки менаџмент, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, доц. д-р Лидија Стефановска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот доц. д-р Лидија Стефановска е родена на 20.02.1974 година, во Битола. Средно образование завршила во Битола гим. Јосип Броз Тито. Со високо образование се стекнала на Природно математичкиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, во 1996 година.

Кандидатот активно се служи со англиски, српски и хрватски јазик.

Во 2007 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Идентификување на влијателните фактори врз перманентното усовршување на наставниците по практична настава.*

Дисертацијата на тема: *Креирање на организациска архитектура и модели на лидерство за спроведување на организациска стратегија* ја одбранила во 2011 година, на ФИКТ (Факултет за информатички и комуникациски технологии – поранешен ФАМИС, при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола година, пред Комисија во состав: проф. д-р Виолета Пановска Бошкоска, проф. д-р Методија Стојановски, доц. д-р Драган Груевски, проф. д-р Димитар Ефтимоски и доц. д-р Моника Марковска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки.

На 20.12.2012 година е избрана во звањето доцент на БАС ИМ во наставно – научната област стратешки менаџмент. Во моментот е директор на БАС Институтот за менаџмент Битола.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки

и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. **Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно - образовната дејност на БАС, кандидатот Лидија Стефановска изведува настава, вежби, теренска настава, менторска настава, синергирање и студирање на далечина на прв циклус студии на студиската програма Оперативен менаџмент и на втор циклус на студии на студиската програма Стратегиски менаџмент, конкретно следните наставни предмети: Стратегиски менаџмент, Стратегиско водство и Менаџмент на промени на втор циклус на студии, Основи на стратегиски менаџмент, Организациски промени, Деловно планирање, Основи на менаџмент, Вовед во бизнис, Стартирање на нов бизнис, Бизнис Лабораторија и Математика за бизнис на прв циклус на студии.

Кандидатот бил ментор на 29 специјалистички трудови од кои 23, одбранети, а 6 се уште во постапка на менторирање.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/или одбрана на 100 дипломски, трудови и 37 специјалистички трудови.

Кандидатот е автор на два рецензирани учебника под наслов Основи на стратегиски менаџмент, издаден во 2014 година и Стратегиски менаџмент, издаден во 2015 година.

Кандидатката Стефановска во 2013 година е добитник на *Признание за наставник на годината* на Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**Научно истражувачка дејност**

Доц. д-р Лидија Стефановска има објавено вкупно 38 (триесет и осум) научни трудови од областа на стратешкиот менаџмент, од кои 6 (шест) научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание) за кои кандидатот достави и потврда за факторот на влијание и документ за прифатеност и исплата на два труда од страна на Министерството за образование и наука, 2 (два) трудови во меѓународни научни списанија, 5 трудови во меѓународни научни публикации и 17 трудови во зборници од научни собири, 3 (три) трудови објавени во Зборник на трудови на в.о. институција и 5 (пет) трудови од симпозиуми.

Доц. д-р Лидија Стефановска била раководител на 1 национален проект, проектот *Компаниите како стратегиски фокусирани организации за конкурентност*, во рамките на макро проектот *Развивање на стратегиски фокусирани организации за конкурентност*, исто така била учесник во три национални истражувачки проекти, кои се исто така во рамките на Макро проектот *Развивање на стратегиски фокусирани организации за конкурентност*, за што кандидатката поднесе писмен доказ, односно копија од Извештајот, кој може да се најде и на официјалната страна на БАС Институтот за менаџмент Битола.

Кандидатката Стефановска во 2014 година има одржано предавање за стратешки менаџмент на покана на Универзитетот во Белград, Технички Факултет во Бор – отсек за индустриски

менаџмент, Универзитет кој е рангиран меѓу првите 300 универзитети на престижната Шангајска листа.

Во 2016 година, на покана на Високата туристичка школа струковних студија у Београду, одржала предавање на тема: *Тимски рад у процесу стратегијског планирања и организацијских промена*, втора година, насока Економија и туризам.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1, кој се доставува во прилог со овој Правилник.*

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Лидија Стефановска активно е вклучена во стручно - апликативната работа на БАС Институтот за менаџмент Битола и Бизнис Академија Смилевски БАС Скопје. Кандидатот била рецензент на учебникот Оперативен менаџмент како и три други изданија. Остварила експертски активности во студиски програми за прв и втор циклус на студии како и учесник во изработката на елаборат за студиската програма Маркетинг менаџмент за прв циклус на студии на Бизнис Академија Смилевски.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи и тоа:

- Комисија за самоевалуација;
- Член во 17 Рецензентски комисии за избор во звање;
- Конкурсна комисија за запишување на студенти на втор циклус на студии за студиската програма Стратегиски менаџмент (за академската 2016/2017 и 2017/2018)
- Комисија за измени и дополнувања на Привилникот за условите, критериумите и постапката за запишување и студирање на втор циклус на студии на БАС;
- Конкурсна комисија за доделување на стипендии за прв циклус на студии во студиската 2015/2016 година;
- Комисија за изработка на Правилник за студирање на далечина на БАС;

Кандидатката е активно вклучена во организација на меѓународната научна Конференција *Современите менаџерски предизвици и организациските науки* каде како каде се јавува како претседател на организациски одбор и член на програмски одбор и учествува во уредувачкиот одбор за издавање на Зборникот на трудови од оваа конференција.

Во изборниот период, д-р Стефановска учествувала во изготвување и пријавување на 1 (еден) научен, еден стручно апликативен проект поддржан од ГИЗ РЕД Програмата за локален економски развој, како и проект за преку гранична соработка со Р. Албанија, кој е во постапка на евалуација.

Кандидатката е член на Управен одбор на Македонското научно друштво Битола. Исто така е член на Програмски одбор на 3 меѓународни научни конференции, како и на една регионално стручна конференција.

Член е на програмски одбор на Симпозиумот *Менаџментот и современите практики*, во организацијата на БАС и БАС ИМ.

Кандидатката учествувала и со свои предавања на институции од јавен интерес како што е Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион на тема *Стратегиско планирање*, а била говорник и на трибина *Економски ефект од заштита на културното наследство* во организација на БАС ИМ. Била модератор и на научен форум, дебата и трибини.

Исто така учествувала во подготовката на повеќе национални документи како што се:

- Стратегија за развој на Пелагонискиот плански регион;
- Стратегија на Мрежа за рурален развој;
- Стратегија на Центар за развој на медиуми;
- Стратегија на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Р. Македонија;

Добитник е на 29 Сертификати за учества на Конференции, трибини, работилници, курсеви и семинари. Посебно значаен е Сертификатот за консултантскиот придонес за успешно спроведување на активностите и постигнување на целите на Програмата на УСАИД за подобрување на работењето на организациите во периодот од 10.06.2013 до 09.06.2015 год, (ППРО) издаден од ДЕТРА ЦЕНТАР Скопје и УСАИД.

Особен придонес има во областа на консултантството за стратегиско планирање, при што во изминатите пет години како консултант одржала 11 работилници во рамките на два проекти на УСАИД, потоа била консултант во рамките на проектот *Препознавање, развој и комерцијализација на иновативните идеи во МСП* – проект поддржан од ГИЗ РЕД програмата и консултант во проектот Local Capacity Development Workshop – поддржан од УСАИД.

Исто така во последните пет години посетила 6 обуки кои се однесуваат за подобрување на наставните вештини, а во 2014 и 2017 година била обучувач на наставници на теми од областа на подобрување на наставата.

Ментор е на помлад наставник, за предмети од областа на стратешкиот менаџмент.

*Конкретните активности се опишани во Анекс 1 и професионалната биографија на кандидатката, кој се доставуваат во прилог со овој Правилник.*

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот Стефановска, во текот на повеќе семестри претходно, како и при последната евалуација за 2016/2017 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Бизнис Академија Смилевски.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Лидија Стефановска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Лидија Стефановска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката

за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на БАС Институтот за менаџмент Битола и ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно - научно звање Вонреден професор – Виш научен соработник во наставно - научната област (дисциплина) Стратешки менаџмент.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на БАС Институтот за менаџмент Битола, доц. д-р Лидија Стефановска да биде избрана во наставно – научно звање Вонреден професор – Виш научен соработник во наставно – научната област (дисциплина) Стратешки менаџмент.

Битола, 21 август, 2017

Република Македонија Приватна научна установа Институт за менаџмент БАС Битола

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Д-р Роберт Димитровски, редовен професор**

_______________________

2. **Д-р Менде Солунчевски, вонреден професор**

_______________________

3. **Д-р Методија Стојановски, редовен професор**

_______________________